РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 09-4324/1
18-12-2020 г./v.

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 42-рата седница, одржано на ден 11.12.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со број 09-4262/1 од 11.09.2019 година доставена од непознат подносител, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09-4262/1 од 11.09.2019 година.

Предметот со број 09-4262/1 од 11.09.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-4262/1 од 11.09.2019 година е оформен врз основа на доставена пријава од анонимен подносител, во која е наведено дека во СОУ „------------------------, Општина -------------, за директор било именувано лицето -----------, а за негов заменик бил именуван неговиот брат -------------, синот на нивната сестра ---------------- бил поставен за директор на музејот „-------------------" ---------------, синот на постарата сестра ------------- е именуван за В.Д Директор на С.У. „----------" Општина ------------, а нивниот зет за сестра ----------- бил претседател на ТДП при О. --------------.

По преглед во тековната состојба на ООУ „------------" ---------------, преку Трговскиот регистар и регистар на други правни лица при Централниот регистар на Р. С. Македонија, Државната комисија констатира дека функцијата Директор ја извршува лицето -----------------.

По преглед во тековната состојба на СОУ „-------------" ----------------, преку Трговскиот регистар и регистар на други правни лица при Централниот регистар на Р. С. Македонија, Државната комисија констатира дека функцијата В.Д. Директор ја извршува лицето ------------------.

По преглед Трговскиот регистар и регистар на други правни лица при Централниот регистар на Р. С. Македонија, Државната комисија констатира дека не е евидентирано правно лице под називот „---------------------" ----------------.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, констатира дека во пријавата нема основ за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон, односно, во пријавата не се содржани конкретни наводи кои укажуваат на состојба на судир на интереси.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок на ДКСК
Изработил: С.К
Одобрил: К.Н, Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска